# Европа за млади и младински работници

## Како да аплицирате за проекти за мобилност како организација или неформална група млади луѓе?

Организациите кои се активни на полето на младите и младинската работа или неформалните групи млади луѓе можат да добијат поддршка од програмата Еразмус+ за да спроведат проекти кои промовираат различни типови на мобилност на поединци.

Конкретно, на почетокот на нивното вклучување во Програмата, организациите се охрабруваат да спроведуваат проекти за мобилност КА1 за млади (размена на млади), проекти за мобилност на младински работници и активности за младинско учество.

**Каков вид на поддршка се обезбедува?**

Младинските размени се финансирани од Европската Унија, што значи дека се покриени речиси сите трошоци, вклучувајќи патување, сместување и оброци, осигурување.

Мобилностите на младинските работници се финансирани од Европската Унија, што значи дека се покриени речиси сите трошоци, вклучувајќи патување, сместување и оброци, осигурување.

**Акредитација за искусни организации**

Организациите кои веќе имаат искуство со учество во проектите Еразмус+, кои сакаат да развиваат активности на редовна основа на среден до долг рок и имаат доволен капацитет за управување можат да аплицираат за новиот систем за акредитација, кој им овозможува пристап до поедноставен систем за управување со проекти и известување откако ќе бидат акредитирани од соодветната Национална агенција. Еразмус акредитациите се алатка за организациите кои сакаат да ги фокусираат своите активности на прекугранична размена и соработка и кои планираат редовно да спроведуваат активности за мобилност за учење.

**Како да пристапите до можностите на КА1 како почетници?**

Покрај приклучувањето како партнер во проект предводен од друга организација, оние кои се вклучуваат во Еразмус+ за прв пат и оние кои сакаат да организираат еднократен проект

Funded by
the European Union

и/или ограничен број активности треба да аплицираат користејќи го системот „стандарден проект".

Оваа постапка бара некои формални чекори, како што е регистрација на порталот на европските корисници, како и конкретни чекори поврзани со содржината и идејата на активностите што треба да се вклучат во проектот.

Основен чекор во дизајнирањето и спроведувањето на добар проект е да се изгради добро меѓународно партнерство. Доколку сеуште немате контакти со организации или неформални групи млади луѓе во други земји, можете да ги побарате Вашите идни партнери на европскиот портал OTLAS (https://www.salto-youth.net/tools/otlas-partner/).

Националните агенции и локалните контакт точки на Еуродеск често организираат активности за обука и работилници за тоа како да се поднесат предлозите за КА1 проекти. Многу исто така корисни обуки за влез во меѓународните води се достапни и на веб-страницата SALTO, управувана од неколку национални агенции на Еразмус+ (www.salto-youth.net)

**Што да вклучите во проектот**

Додека размислувате со колегите и пријателите за вашиот иден проект, секогаш имајте ги на ум сите негови фази:

- Планирање (вклучувајќи дефинирање на исходите од учењето, формати на активности, развој на работна програма, распоред на активности)
- Подготовка (вклучувајќи практични аранжмани, избор на учесници, воспоставување договори со партнери и учесници, лингвистичко/интекултурно учење и подготовка на учесниците поврзани со задачи пред поаѓање);
- Спроведување на активностите за мобилност
- Мониторирање (вклучувајќи евалуација на активностите, валидација и формално препознавање - каде што е применливо - на резултатите од учењето на учесниците за време на активноста, како и дисеминација и употреба на резултатите од проектот).

**Повеќе информации:**

За дополнителни информации, можете да ја посетите нашата веб-страница www.youthspeaces.eu или да ја контактирате вашата Национална агенција (наведете контакти) или најблиската точка на Eurodesk (наведете ја веб-страницата на Eurodesk).